РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
Факултет за електротехника и информациски технологии

Број: 09-506/3
Датум:23.2.2011 г.
С К О П Ј Е

Врз основа на став 5 од член 8 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на студии-докторски студии на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Советот на студиската програма од трет циклус на студии *Електротехника и информациски технологии*, на седницата одржана на 23.2.2011 г. донесе

# Одлука

за конституирање на Советот на студиска програма

1. Се конституира Совет на студиската програма *Електротехника и информациски технологии,* во состав на Школата за докторски студии на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.

2. Советот на студиската програма од точка 1 на оваа одлука го сочинуваат сите наставници избрани на Универзитетот, а се утврдени со студиската програма *Електротехника и информациски технологии.*

3. Наставниците избрани на други универзитети во земјата и странство, како и лица од практиката кои ќе бидат ангажирани во реализацијата на студиската програма не се членови на Советот на Студиската програма.

4. Лицата од точка 3 на оваа одлука може да присуствуваат на седница на Советот на студиската програма без право на одлучување.

5. Совет на студиската програма избира раководител на студиската програма со мандат од четири години.

6. Одлуката да се достави до: Студиската програма, раководителот, продеканите, секретарот, Сл. за студентски прашања, и архивата.

Декан
Проф. д-р Миле Станковски